РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
И ВОДНИ УСЛУГИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Пк 5.2,**
Издание 1, Ревизија 0

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (РКЕ)** – регулаторно независно тело, основана е во 2003 година како правно лице кое регулира прашања поврзани со вршењето на енергетските и водни дејности определени со закон.

**Визија**
Наша визија е да бидеме стручна и модерна институција која го штити и унапредува енергетскиот и водниот сектор, во рамките на надлежностите утврдени со Законот за енергетика и Законот за утврдување на цени на водните услуги.

**Мисија**
Нашата мисија е да ги заштитиме интересите на потрошувачите во енергетскиот и водниот сектор и да го поттикнеме развојот на енергетскиот и водниот систем во Република Северна Македонија.

**Политика за квалитет** преставува рамка за дефинирање на целите за квалитетот и е соодветна на целта и контекстот РКЕ и ја поддржува стратешката насока на Комисијата.

**Кон остварување на целите РКЕ ги исполнува следните принципи:**

- Воведување и заштита на конкурентен пазар на енергија врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност;
- Сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и водни услуги;
- Достигнување на нова деловна култура и компетентност на персоналот преку реализација на програмата за обука и мотивација на сите вработени;
- Создавање на ефикасна и ефективна професионална Комисија преку воведување, одржување и постојано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015;
- Постојано усовршување на процесите и континуирано подобрување на Системот за менаџмент со квалитет;
- Управување со процесите транспарентно, професионално, одговорно, посветено и тимски, планирајќи ги активностите за земање предвид на ризиците и можностите.

**Политиката за квалитет е основа за определување и преиспитување на целите за квалитет.**
Со Политиката за квалитет се запознаени сите вработени и е достапна на јавноста.

**Скопје,**
**28.01.2019**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

Ул. Македонија бр.25, палата Лазар Поп Трајков 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk